# ПОЛИТИКА ЗА ИНТЕГРИРАН МЕНАЏМЕНТ СИСТЕМ НА АЛКАЛОИД

Политиката за интегриран менаџмент систем на Алкалоид има функционална вредност во рамките на вкупната политика, стратегијата и на корпоративните цели на Алкалоид, согласно со позитивните прописи и нормативи на националното и на меѓународното право и со стандардите ISO 9001 и ISO 14001, како и ISO 13485, HACCP и BAS 1049 (каде што е применливо).

Глобалните одговорности во областа на интегрираниот менаџмент систем (IMS) се темелат на основните принципи на Политиката:

- Почитување на барањата, информациите и на задоволството на корисниците и на вработените, преку развој, производство, контрола, увоз и пласман на квалитетни, ефикасни и безбедни производи, преку управување и грижа за животната средина, како и преку заложбата за безбедност и здравје при работа, со што заштитниот знак на АЛКАЛОИД е симбол за високо ниво на сигурност.

- Јасната визија и посветеноста на врвното раководство на IMS се огледа во примена на процесниот пристап во работењето, донесувањето одлуки врз основа на направените анализи и во партнерскиот однос со испорачателите, сѐ со цел – задоволство на корисниците, деловните партнери, вработените и на акционерите, како и постојано подобрување на IMS на Алкалоид.

- Политиката за IMS и тежнеењето кон постојано подобрување овозможува поголема свесност и општествена одговорност на организацијата.

- Постојаната инспирација и стремежот за заштита и за сочувување на најскапоцениот подарок од природата – ЗДРАВЈЕТО ПРЕД СЀ.

Скопје, 08.08.2012 година

Генерален директор
Живко Мукаетов

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ